Национална установа Стоби National Institution Stobi

Република Северна Македонија
Национална установа за управување со
археолошкиот локалитет СТОБИ - Градско
Бр. 01-123/21
18. 04. 2022 год.
ГРАДСКО

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ЗА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ – ГРАДСКО**

- **Период: 01.01-31.12.2021 г.**

**ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**

**Стоби, 2022 год.**

Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско
Република Македонија
тел. ++389 43/25 10 26, факс: ++389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk
Archaeological site Stobi, 1420 Gradsko
Republic of Macedonia
phone: ++389 43/25 10 26, fax: ++389 43/25 10 50
e-mail: contact@stobi.mk

# I ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## 1. Проект - Соработка и дисеминација преку имерзивно раскажување на културното наследство во Западен Балкан

Проектот Immersive Storytelling Driven Cooperation for Cultural Heritage е со траење од две години, започнувајќи во 2021. НУ Стоби е дел од конзорциумот кој го реализира проектот, во кој што се вклучени уште шест ентитети: катедрата за маркетинг при Аристотел универзитетот во Солун, фондацијата Балканско Наследство од Софија, Центарот за социјални иновации Блинк 42-21 од Скопје, Археолошки институт на Србија - Виминациум од Белград, Градскиот музеј на Љубљана и Nexto од Словенија. Во текот на 2021 година беше реализирана првата фаза од проектот, во која беа организирани три работилници: првата во Скопје и Стоби во јуни, втората во Солун во јули и последната во Љубљана во септември. На овие работилници учесниците на проектот се запознаа со капацитетите на трите археолошки локалитети кои се дел од проектот (Стоби, Виминациум, Емона) и понудија насоки на развој на презентацијата на овие локалитети, преку споделување на досегашните искуства. Исто така, изработен е и модел за селекција на содржини за презентација, а утврдени се и капацитетите за реализација на презентација на културно наследство со користење на нови технологии, во случајот аугментативна и виртуелна реалност. Спојот на институциите кои се дел од проектот фукнционира идеално за оваа цел, со што во втората половина на проектот која треба да се реализира во 2022, ќе се изработат нови содржини за презентација на сите три локалитети, со што овие три римски градови ќе добијат алатка за презентација на своите содржини која што е во склад со модерните текови на презентација низ целиот свет.

**- Финансиски извештај (образец бр.4) во прилог**

## 2. Проект - Еуропос - Палатино - Стоби Европско минато и идни културни вредности

Поради реализација на проектот отворена е донаторската сметка со број 180106135278584 на која што ќе бидат префрлени финансиски средства во 2022 година.

Проектот опфаќа реализација на три подпроекти и тоа Санација и реконструкција на Стара Железничка станица во Центар за посетители, уредување на паркинг просторот на влезот на археолошкиот локалитет Стоби и изработка на студија за археолошки локалитети.

Проектот вклучува одржување на конференции и работилници со сите партнери – корисници на финансиски средства добиени со овој грант.

- **Финансиски извештај (образец бр.4) во прилог.**

## II ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

1. **Сопствени приходи од туристичката презентација на археолошкиот локалитет Стоби**

- Финансиски средства: Приходите се остварени од продажба на влезници и од продажба на сувенири и комерцијални копии од археолошки наоди

- Вкупно приходи од продажба на влезници , сувенири, комерцијални копии од археолошки наоди Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, археолошкиот локалитет Стоби го посетиле вкупно 6335 лица, од кои 2522 домашни и 3813 странски гости (од нив бесплатен влез на локалитетот имале вкупно 261 домашни лица и 193 странски гости). Слободен влез добиле лицата кои се членови на ICOM, ICOMOS, хендикепирани лица, новинари, археолози, водичи, учителки, деца до 6 години и бездомници.

- **Финансиски извештај (образец бр.4) во прилог.**

Спасе Перовски
директор